# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**Ротари Клуб Скопје Центар**

**Ротари година 2024–2025 , Председател Искра Ветаџококска**


1. Воведна реч на претседателот
2. Цели и приоритети за ротари годината
3. Главни активности и проекти
4. Членство и внатрешни активности
5. Меѓународна соработка и присуство на настани
6. Медиумско покривање и јавни настапи
7. Благодарници и признанија
8. Препорака до идното раководство


## Порака од Председателот на клубот

Почитувани ротари пријатели,

Со голема благодарност, гордост и емоција ја заокружувам оваа ротари година како претседателка на Ротари Клуб Скопје Центар. Оваа година беше исполнета со предизвици, соработка, хуманост, но пред сѐ – со заедништво. Заедно успеавме да изградиме платформа на која се споија вредностите на ротари со реалните потреби на нашата заедница.

Успешно реализиравме проекти кои допреа до младите, до ранливите категории, до уметноста, културата и образованието. Се вградивме таму каде што е најпотребно – со дело, со иницијатива, со време и со срце.

Оваа година за првпат нашиот Економски форум доби и хуманитарен карактер. Збратимувањето со ротари клубови од регионот прерасна од пријателство во конкретна солидарност. Средбата со Претседателката на Ротари Интернационал, Стефани Урчик, беше симболично крунисување на сето она што го градевме.

Искрено им благодарам на сите членови на клубот – за нивната посветеност, идеи, поддршка и време. Ниту еден успех не би бил можен без вашиот личен придонес.

На новото раководство му посакувам мудрост, енергија и слободата да сонува големо. Ви оставаме основа врз која може уште повеќе да се гради. Ја продолжуваме нашата мисија – во служба на заедницата, со отворено срце и дејство што остава трага.

Службата над себеси не е само мото – таа е начин на живот.

Од срце, ви благодарам!

Искра Ветаџокоска

Претседател 2024–2025

## Цели и приоритети за ротари годината

Во ротари годината 2024–2025, Клубот ја постави својата мисија на темели на континуитет и развој. Главните цели беа:

- Задржување и зголемување на членството, преку активно вклучување на постоечките членови, привлекување нови, и промовирање на ротари вредностите во заедницата;
- Развој и реализација на значајни проекти, кои директно одговараат на потребите на заедницата, и придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот;
- Јакнење на тимската динамика и соработка меѓу членовите, преку редовни состаноци, настани и ротари пријателства;
- Вклучување во дистриктни и меѓународни активности, со што клубот ја одржува својата активна улога во пошироката ротари заедница.

Овие приоритети беа водилка во сите активности на клубот во текот на годината.

## Проекти со фокус на економски развој на заедницата

## Традиционален економски форум – нова димензија на ротари ангажман

Во рамки на годишниот план на клубот, успешно беше организиран 16-тиот по ред Традиционален економски форум, кој годинава се одржа под мотото:

***„Влијанието на вештачката интелигенција врз македонската економија“- нови хоризонти за раст и развој***

Форумот се одржа пред повеќе од 130 посетители, што претставува највисока посетеност досега, со значителен јавен одек. Со квалитетни говорници, актуелна тема и иновативен пристап, форумот беше препознаен како еден од најуспешните досега.

- 16 години традиција
- 4 еминентни говорници
- 130+ посетители
- Прв форум од хуманитарен карактер
- Представници од 17 Ротари клубови

Она што го издвојува овој форум од претходните е фактот што за првпат доби и хуманитарен карактер – беше организирана донаторска акција за доедукација во областа на информатичката технологија за децата од  ЈУ Дом за деца „11 Октомври“.

На овој начин, традиционалниот економски форум доби двојна мисија – не само да информира и поврзува, туку и да придонесе кон општествена одговорност и конкретна поддршка за младите од ранливи категории.

**Овој чекор претставува пресвртница во концептот на форумот, со што се отвора простор за негово понатамошно развивање и како платформа за донаторски и општествено одговорни иницијативи.**

## Проекти со фокус на едукација, уметност и културен развој

Во рамките на образовната компонента на клубската програма, во ротари годината 2024–2025 беа иницирани два значајни проекта со доминирано едукативен и културен карактер:

1. **Издавање на првиот учебник на Македонски јазик за историја на костимот и модата**

- Оваа книга претставува прва ваква публикација на македонски јазик, наменета за студентите од моден дизајн, модна историја и сродни области, која им овозможува на младите генерации да стекнат разбирање за еволуцијата на модата низ вековите и нејзиното влијание врз општеството.
- Проектот има за цел подигнување на академското ниво и достапност на стручна литература за македонските студенти но и љубителите на модата и на културното наследство.

  Со оваа иницијатива ја збогатуваме едукативната понуда и создаваме трајна вредност за идните дизајнери, историчари и културни работници.

- Книгата е труд на професорката Зорица Тодорова Младеновиќ, истакнатата историчарка, моден истражувач и автор, специјализирана за историјата на облеката и модните традиции, со долгогодишно искуство во полето на историјата на материјалната култура.

  Со значајни истражувања во областа на костимографијата и модниот развој низ различни историски периоди и со богати визуелни и текстуални содржини, нејзината нова книга ќе стане референтна литература за идните генерации модни дизајнери и истражувачи.

За реализација на проектот е потпишан Договор за соработка со издавачката куќа Арс Ламина и авторот на книгата Зорица Тодорова Младеновиќ. За овој проект се собрани **3.639 евра** донаторски сретства за изработка на дигитална верзија на книгата и печатење на истата.

Иницијативата за собирање сретства за печатење на учебник во тираж од 200 парчиња и монографија во тираж од 200 парчиња преку fundraising активности продолжува и во следната ротаријанска година.

Одлуката за проектот и финансиската структура е во прилог на Извештајот.

2. **Набавка на опрема за лабораторија за експериментална скулптура во дрво при Катедрата за скулптура и трансмедумски практики на Факултетот за ликовни уметности – УКИМ во Скопје.**

- Преку собирање на средства, клубот помогна во опремување на специјализирана лабораторија со што директно се придонесе кон подобрување на условите за практична работа и истражување за студентите на овој факултет согласно модерните студиски процеси.
- Во време на брз технолошки развој, соодветната опрема претставува клучен предуслов за квалитетно образование и современ уметнички израз.

Проектот има за цел да овозможи:

- Развој на креативните и техничко-технолошките способности на студентите,
- Проширување на експерименталните пристапи во скулпторските практики,
- Инспирирање кон нови естетики и трансмедиумски пристапи,
- Поттикнување на интердисциплинарни истражувања,
- Афирмација на визуелните уметности и културата во нашата заедница.

За реализација на проектот е потпишан Договор за соработка со компанијата МАКВЕЛТ од Скопје која донира минимум 30% од вредноста на  опремата.

За овој проект од други донатори се собрани **5148 евра** донаторски сретства со кои ќе се набават ателјерски алатки како аголни и циркуларни пили, длета, фрези, статични циркулари, алати за фина обработка, длета за моделирање, дупчалки, убодни пили, сооветни маси, приклучоци и ситен рачен алат како и други алатки.

Иницијативата за собирање сретства за комплетирање на потребната опрема преку fundraising активности продолжува и во следната ротаријанска година. (листа во прилог).

**Овие две иницијативи покажуваат силна насоченост кон поддршка на образованието, културата и младинското творештво – што е од огромна важност и вредност за ротари заедницата. Овие два проекти ја рефлектираат заложбата на клубот за:**

- **поддршка на високото образование и уметноста,**
- **вложување во младите генерации,**
- **создавање на трајна вредност преку културна продукција.**

## Членство: раст, стабилност и повторно активирање

Во ротари годината 2024–2025, клубот беше фокусиран не само на зачленување на нови членови, туку и на активна грижа за постоечкото и поранешното членство. Во таа насока, беа преземени неколку конкретни чекори:

- Овозможено е повторно зачленување на поранешни членови, кои претходно биле дел од клубот. Со оваа отвореност и инклузивен пристап, клубот покажува зрелост, респект и желба за враќање на искуството и ротари духот во своите редови.
- Во текот на годината, клубот доби четири нови членови, со што успешно се одржа стабилноста на бројот на членови и се зајакна разноликоста и квалитетот на клубската структура.
- Состаноците беа прилагодени согласно потребите и желбите на членството
    - Поместен почеток на состаноците од 18:00 на 19:00ч
    - Намалена фрекфенција на 2 официјални и 1 неофицијален месечен состанок
    - Пријателска атмосфера и активно вклучување на сите членови

Овие активности беа поддржани преку редовни состаноци, социјални настани и личен ангажман, што ја потврдува определбата на клубот за раст преку заедништво, доверба и поддршка.

**Состојба на членство: тековно 34**

- Почетен број 33
- Нови членови 4+1 (реактивиран)
- Излезени членови 4

## Хуманитарни активности и донации

Ротари Клуб Скопје Центар и оваа ротари година остана посветен на хуманитарната мисија, со акцент на директна поддршка на заедницата и ранливите категории. Во таа насока потпишан е Меморандум за соработка со ЈУ Дом за деца „11 Октомври“, во рамките на кој се реализирани следниве значајни донации:

- Донирани три лаптопи со кои овозможува следење на наставата
- Организирана новогодишна акција со пакетчиња за штитениците;
- Посета и учество на децата на Tancfest, како дел од културната инклузија;
- Покриени трошоци за ИТ едукација за две деца преку собрани средства од Економскиот форум 2024;
- Потпишан договор за соработка со М6 Едукативен Центар за бесплатно вклучување на штитениците на домот во програмите за едукација и тренинг.

Дополнително, клубот реализира:

- Донација за семејствата погодени од трагичниот настан во Кочани, како чин на солидарност и поддршка во најтешките моменти;
- Донација до Сојузот на ротару клубови на Македонија за поддршка на нивниот проект за садење дрвја и пошумување, со што клубот даде придонес во областа на екологијата и одржливиот развој.

Овие хуманитарни активности ја потврдуваат посветеноста на клубот да дејствува практично, одговорно и со видлив импакт во заедницата – во духот на ротари идеалот „Служба над себеси“.

# Менторство, поддршка и едукација на млади од ранливи категории

Една од клучните насоки во ротари годината 2024–2025 беше посветеноста на менторирање и поддршка на млади таленти, особено на млади од загрозени категории. Во таа насока, клубот воспостави соработка со ЈУ Дом за деца „11 Октомври“ , Фондацијата Марјановиќ и М6 Едукативен центар.

**Соработка со М6 Едукативниот Центар – пристап до образование за секое дете**

Овој партнерски однос произлезе од заедничката визија за еднаквост во образованието и создавање услови за личен и професионален развој на секое дете, без разлика на неговото потекло.

Како резултат на оваа соработка, беше постигнат договор со кој:

- На штитениците од ЈУ Дом за деца „11 Октомври“ им се овозможува бесплатно присуство на сите обуки, предавања и тренинзи организирани од М6 Едукативниот Центар;
- Се обезбедува континуиран пристап до современи содржини, особено во областа на дигитализацијата, вештини на 21. век, лидерство, етика и претприемништво;
- Се создаваат можности за менторство, вклученост и следење на развојот на децата, со цел да се подготват за независен живот и одговорна улога во општеството.

Оваа соработка претставува пример за практично партнерство меѓу невладиниот сектор, образовните институции и ротари заедницата, кое остава долгорочни резултати и го остварува ротари идеалот – да се служи таму каде што има најголема потреба.

Оваа активност не само што претставува директна инвестиција во иднината на младите, туку и ја отсликува вистинската вредност на ротари – практична, хумана и долгорочна поддршка.

Менторството, личниот ангажман на членовите и партнерствата со едукативни институции беа составен дел од оваа иницијатива, со намера таа да продолжи и во следните години.

## Меѓународна соработка и збратимување

Во текот на ротари годината, Клубот интензивно работеше на јакнење на меѓународната соработка, со фокус на формализирање на збратимени односи со клубови од странство. Реализирани се разговори за соработка и за збратимување со **6 ротари клубови**.

Најзначаен чекор во таа насока беше воспоставувањето блиска релација со Rotary Club Novi Sad, при што:

- беше потпишан меморандум за соработка,
- договорено официјално збратимување во Q3 2025 година.

Ова збратимување не остана само на формално ниво – клубот Нови Сад веднаш покажа солидарност и хуманост, донирајќи 500 евра за помош на семејствата настрадани од трагичниот настан во Кочани.

Овој гест не само што го потврди квалитетот на новоуспоставените релации, туку и ја покажа вистинската смисла на ротари пријателството – дејствување преку служба и човечка поддршка без граници.

Во рамките на пошироката стратегија за проширување на меѓународната мрежа на клубот, во тек се разговори за збратимување со уште 5 ротари клубови, при што веќе се воспоставени првични контакти и тоа:

- Mr.Klaus von Deylen - Germany
- Mr.OTTO Berthold - Gemany
- Mr.Bjarni Einarsson, president of Amager Rotary Club – Denmark
- Ms.Zorana RC Barcelona – Spain
- Mr.Misko Radjrenovic- president RC Budva - Monte Negro

Овие активности придонесуваат кон:

- зајакнување на меѓународната ротација и видливост на клубот,
- размена на идеи, проекти и култура со клубови надвор од Македонија,
- отворање на нови можности за заеднички иницијативи и ротари пријателства.

Со ова се надополнува и зајакнува наративот за меѓународната поврзаност на клубот.

## Финансиско планирање и поддршка на ротари иницијативи

Во текот на ротари годината беше иницирана и успешно усвоена нова иницијатива: формирање на буџет за посети и донаторски настани во рамките на Ротари заедницата.

Овој предлог произлезе од потребата за подобра организација и финансиска предвидливост при:

- учества на настани организирани од други клубови,
- реализирање на клубски донаторски активности,
- меѓуклупска и меѓународна соработка.

Со оваа иницијатива, клубот постави одржлив модел на поддршка за ротари активности, што ќе овозможи поголема флексибилност, транспарентност и брза реакција во иднина.

*Во рамките на оваа иницијатива на клубот, членовите се сложија за дополнителна донација од 1000 ден по член за поддршка на Меѓународната Ротаракт конференција РЕМ која ќе се одржи во Скопје 2025 година.*

## Одбележување на 120 години од основањето на Ротари Интернационал

Во февруари 2025 година, Ротари Клуб Скопје Центар се приклучи на глобалното чествување на 120-годишнината од основањето на Ротари Интернационал, настан кој беше обележан свечено, достоинствено и со голема гордост.

Во рамките на прославата, клубот учествуваше со присуство и поддршка на посетата на Претседателката на Ротари Интернационал, г-ѓата Стефани Урчик, што претставуваше исклучителна чест и можност за директен контакт со глобалното ротари лидерство.

Настанот беше одлично организиран, со достоинствена атмосфера и пријателска размена на искуства, збогатен со  свечен говор, во кој се славеше ротари духот и континуираното служење на заедницата.

Оваа средба остави силен впечаток кај членовите, ги мотивираше новите генерации ротаријанци и уште еднаш го потврди високиот углед и активна улога на клубот во ротари семејството.

## Успешно затворање на проектот „Hearts of Europe“

Во ротари годината 2024–2025, успешно беше завршен и финансиски затворен проектот „Hearts of Europe“ – донација на медицинска опрема на Клинички центар, кој се реализираше во претходните години со поддршка од Ротари заедницата и меѓународни партнери.

Во оваа година беа спроведени следните активности:

- изработка на конечната пресметка и финансиско раздолжување,
- формално завршување и спроведување на проектните активности, со што клубот ја потврди својата способност за одговорно управување со средства и меѓународни партнерства.

Овој проект остави трајни резултати во областа во која беше насочен и претставува пример за успешна реализација на долгорочна ротари иницијатива со видлив импакт.

## Соработки со македонски компании и институции – партнерства што создаваат вредност

Во текот на ротари годината 2024–2025, Ротари Клуб Скопје Центар воспостави
**8 Договори за соработка и 11 Договори за донација,**

и разви вредни партнерства со компании, фондации, едукативни центри и јавни институции во Република Македонија кои се остваруваа во различни форми:

- технолошка помош и ИТ поддршка,
- донации и логистичка поддршка за проекти,
- договори за менторство и личен развој на млади,
- обуки и пристап до специјализирани едукативни содржини, како и вклучување на бизнис заедницата во хуманитарни иницијативи

Реализирани договори за соработка со следните ентитети:

Арс Ламина ; Зорка Тодоровиќ; ФЛУ; Маквелт; Дом за деца 11 Октомври; Фондација Марјановиќ; М6 Едукативен центар; Elevate Global;

ВИТАЛИА Доо; В.И.Т. ДООЕЛ; Х ФАСХИОН ДООЕЛ Скопје; АГРИА-ГРУП Велес; КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје; БУЉАР-ФМ ДООЕЛ Скопје; ФЛЕКСО-ПРИНТ ТП; КУК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје; ЗСФ КОМ ДООЕЛ Скопје; АСТИБО ; ЕЛКОТЕХНА

## <u>Административен развој – темел за одржливо ротари работење</u>

Во текот на ротари годината 2024–2025, клубот направи значаен чекор напред во унапредување на своето внатрешно организациско функционирање. Овие процеси не се видливи како хуманитарните акции или јавните настани, но се од клучно значење за ефикасноста, транспарентноста и долгорочната стабилност на клубот.

Во таа насока, беа спроведени неколку важни активности:

- Креирана е нова PowerPoint презентација која го претставува клубот со единствен визуелен и содржински идентитет;
- Ажурирани се договорите за донации и партнерства, со што се постигна правна усогласеност и поголема доверба кај донаторите;
- Извршен е пренос на веб-хостингот кон Elevate global - технолошки партнер од редовите на клубот, со што се намалија трошоците и се обезбеди редовно ажурирање на веб страната на клубот;
- Отворена е дискусија за потребата од централизирана дигитална архива, која во иднина ќе овозможи полесно следење на историјата на проектите, документите и активностите.

Во иднина, како логичен след на досегашниот административен напредок, се препорачува воспоставување на централизирана дигитална база на податоци, достапна само за членовите на клубот. Оваа база би можела да биде организирана преку Google Drive, OneDrive или слична платформа, каде што ќе се чуваат:

- извештаи и записници од состаноци,
- договори и донаторски документи,
- презентации и медиумски материјали,
- фотографии и постери од настани,
- како и календар на клубски активности.

Со тоа, клубот ќе обезбеди континуитет, лесна навигација и институционална меморија, а секое ново раководство ќе може веднаш да продолжи таму каде што претходното застанало – без губење на време, информации или мотивација. Овие цели претставуваат зрела и визионерска поставеност, која покажува дека клубот не само што се грижи за надворешниот импакт, туку вложува и во својата организациска основа – што е предуслов за уште поголеми успеси во иднина.

## Јавна комуникација и ПР – гласот на ротари во заедницата

Во современиот свет, каде што информацијата се движи со голема брзина, јавната комуникација претставува клучна алатка за пренесување на мисијата, вредностите и резултатите од ротари делувањето. Во ротари годината 2024–2025, Ротари Клуб Скопје Центар вложи свесен и конзистентен напор во градење на свој јавен идентитет преку активна ПР-стратегија.

Постигнатото вклучува:

- Редовно и професионално водење на социјалните мрежи на клубот (Facebook, Instagram), со јасен визуелен стил, фотографии од настани, информативни објави и покани;
- Присуство во медиумите, вклучително и објава на платформата „Иновативност", која ги пренесе нашите активности до пошироката јавност;
- Промоција на хуманитарниот карактер на економскиот форум, што директно придонесе за зголемување на довербата и учеството од страна на донатори и гости;
- Воспоставување на препознатлива клубска презентација и графичка унифицираност, што придонесе за сериозен и професионален имиџ на клубот во јавноста;
- Поголема ангажираност на јавноста и зголемен интерес за ротари работата од страна на потенцијални партнери и идни членови.

Овие ПР-активности не се само комуникациски алатки – тие се мост меѓу ротари и заедницата.

Добрата комуникација го прави ротари видлив, релевантен и блиску до луѓето. Таа гради доверба, привлекува соработници и ја шири мисијата таму каде што можеби таа никогаш претходно не стигнала.

**Во иднина, со дополнителни формати како подкасти, интервјуа и медиумски партнерства, ПР-активностите на клубот може да станат уште посилна алатка за влијание, инспирација и поврзување со нови кругови на публика.**

## Благодарници за членови кои придонесоа во реализацијата на планот за ротари годината 2024–2025

Во текот на оваа ротари година, силата на нашата заедница се покажа преку посветеноста, ентузијазмот и личниот ангажман на многу членови. Без нивната поддршка и активна вклученост, реализирањето на амбициозната програма за оваа година не би било возможно.

Секоја идеја што стана проект, секој настан што беше успешно реализиран, секој партнер што беше доближен до нашата мисија – е резултат на заедничка работа и ротари дух.

Со оваа скромна, но искрена благодарност, го препознаваме и вреднуваме нивниот придонес, со надеж дека нивниот пример ќе продолжи да инспирира и во годините што доаѓаат.

Поддршка за реализација на Економски форум 2024/25:

**Верица Јорданова, Горан Стојановски**

Помош во fundraising и донации за проекти:

**Тони Масевски, Лазар Заковски, Горан Митрески, Славчо Ангеловски, Лидија Георгиева, Гоце Наневски, Милош Радуловиќ, Лидија Канацковиќ, Александра Нациќ, Горан Стојановски**

Донација ИТ опрема: **Владимир Соколовски**

Донација М6 обуки: **Елена Младеновска-Јеленковиќ**

Менаџирање на проекти: **Лидија Георгиева, Гоце Наневски, Тони Масевски**

Менаџирање на GG 2127893 Final Report: **Александра Нациќ**

Правна поддршка: **Ивана Митровска**

ПР поддршка: **Спасика Јованова**

Техничка подршка за WEB: **Горан Стојановски**

**Најредовен член 2024/25: Владимир Јованов, Владимир Соколовски**

## Препораки за следното ротари претседателство

Во духот на континуитетот и градењето врз поставените темели, препорачуваме следното претседателство да ги продолжи и надгради следниве насоки:

- Завршување на двата започнати едукативни проекти: печатење на книгата „Историја на модата и дизајнот“ и комплетно опремување на лабораторијата на Факултетот за ликовни уметности;
- Поттикнување на членството кон активно ротирање во улоги, за да се вклучат повеќе членови во водењето на клубски активности и да се поттикне генерациска и лидерска динамика;
- Продолжување на меѓународните релации и официјализирање на збратимувањата, вклучително и заеднички проекти со клубови од регионот;
- Зголемена инклузија на млади, менторски односи и стипендирања, со продолжување на воспоставените партнерства (како оној со М6 Едукативен Центар) и креирање нови.
- Систематизација и архивирање на клубската документација преку дигитална база достапна за сите членови, што ќе обезбеди организациска стабилност и институционална меморија;
- Редовно ажурирање на веб-страницата на клубот, со цел нејзино претворање во жива платформа за информирање и претставување;
- Организирање на ротари подкасти со членови (Лидија, Гоце и др.), како начин за модерна промоција на ротарианството и успешно раскажување на ротари приказни;
- Развивање на годишна ПР-стратегија, со однапред планирани комуникации, медиумски партнерства и активности што ќе го зголемат видливиот опсег на клубот;

Овие препораки имаат за цел да обезбедат одржлив развој, стабилност, јасна видливост и значаен импакт – сѐ во духот на ротари вредностите и мисијата на клубот.

**Заклучок**

Годината беше силна, плодна и со трајни резултати. Проектите се видливи, пријателствата се зацврстени, а основата за иднината е стабилна. Со гордост го предавам знамето на следното раководство – со желба за нови идеи, партнерства и уште посилен ротари печат во општеството.

Ваша во Ротари